Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

Архивски број: 13-3817/2
Датум: __.05.2025 година

16 -06- 2025

До: Влада на Република С. Македонија
Генерален секретаријат

Предмет: Мислење

Почитувани,

По однос на Деловниот и финансискиот извештај за 2024 година и по независниот годишен ревизорски извештај за 2024 година на Песталоззи Фондација детско село Троген Швајцарија подружница во Скопје, Министерството за финансии во рамки на своите надлежности Ве известува за следното:

Согласно член 85 став (1) од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија" бр.52/10, 135/11, 55/16 и „Службен весник на Република С.Македонија" бр.239/22), организацијата со статус од јавен интерес е должна за својата работа еднаш годишно да поднесе деловен и финансиски извештај за својата работа до Владата на Република С. Македонија за усвојување, а најдоцна до 30 април во тековната година за претходната година.

Врз основа на податоците презентирани во Деловниот и финансискиот извештај за 2024 година, Фондацијата остварила вкупно приходи во износ од 8.767.824,00 денари од кои 7.324.451 денар се приходи од донации и 1.443.373 денари се пренесен дел од вишокот на приходи од минатата година. Вкупните расходи на Фондацијата за 2024 година изнесуваат 7.291.491,00 денар.

Ревизијата на работењето на Фондацијата е извршена од друштвото за ревизија Рафајловски Ревизија ДОО Скопје, согласно член 86 став (1) од Законот.

Според овластениот ревизор, финансиските извештаи се подготвени во согласност со сметководствените политики опишани во белешките и се во согласност со стандардната проектна задача од 2025 година на основачот на Фондацијата (Pestalozzi Children Foundation, Trogen Switzerland).

Оттука, по однос на Деловниот и финансискиот извештај за 2024 година и по независниот годишен ревизорски извештај за 2024 година на Песталоззи


Министерство за финансиина
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 300
www.finance.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

Фондација детско село Троген Швајцарија подружница во Скопје, Министерството за финансии нема забелешки, со оглед дека Фондацијата во текот на 2024 година остварила вишок на приходи во износ од 1.476.333 денари.

Со почит,

Министер за финансии
м-р Гордана Димитриеска - Кочоска

Изготвил: Зејнијe Елмази
Проверил: Марина Станојкова Арсовски
Орнела Трајкоска Пендевска
Одобрил: Иван Недев

Проверил: Марјана Стефановска

Согласен: д-р Андриана Матлиоска


Министерство за финансиина
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 300
www.finance.gov.mk